ИЗВЕШТАЈ 2

# МРТ ВО ФУНКЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ

**ИЗБОРИ 2016** МОНИТОРИНГ НА ИНФОРМАТИВНАТА ПРОГРАМА НА МРТ1

Предмет на набљудување: МРТ **Дневник 2**



ПЕРИОД 31 октомври → 11 ноември 2016

## ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ

- И во овој период, во известувањето на МРТ1 преовладува фактографскиот, описен, неутрален и балансиран пристап.
- Новинарите немаат проактивен, истражувачки и аналитички пристап кон темите.
- Во вестите се вклучени различни засегнати страни, гледишта и ставови, а консултирани се и стручни лица.

## ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

Во информирањето за определени теми повремено отсуствуваат клучните засегнати страни, затоа што некои од вклучените личности:

**а.** ОДБИВААТ ДА ДАДАТ ИЗЈАВИ (НА ПРИМЕР, ПОРАНЕШНИОТ ДИРЕКТОР НА УБК, САШО МИЈАЛКОВ, НЕ САКАШЕ ДА ОДГОВАРА НА НОВИНАРСКИ ПРАШАЊА, НИТУ ПРЕД, НИТУ ПО СОСЛУШУВАЊАТА ВО СУДОТ И ВО СЈО).

**б.** ИМААТ СЕЛЕКТИВЕН ОДНОС СПРЕМА МЕДИУМИТЕ (НА ПРИМЕР, ЗАМЕНИК-МИНИСТЕРОТ ДИМЕ СПАСОВ, ЗА НЕГОВИОТ „СООБРАЌАЕН“ СЛУЧАЈ ДАДЕ ЕКСКЛУЗИВНО ИНТЕРВЈУ САМО НА ЕДНА ТЕЛЕВИЗИЈА).

## ЗАСТАПЕНИ СУБЈЕКТИ

- Во вестите доминираат министрите и другите државни функционери и институции, како и политичките партии.
- Најзастапени се СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, а многу помалку информации има за партиите од „албанскиот“ блок.
- Честото присуство на државните функционери во прилозите не смее да продолжи за време на изборната кампања, односно прилозите не смеат да претставуваат поддршка за кампањите на партиите во власта.

## ТЕМИ ЗА КОИ СЕ ИЗВЕСТУВА

- Политичките теми, изборите, СЈО, судските случаи, сослушувањата на Мијалков, случајот на Спасов и Извештајот на Европската комисија за Македонија се најчесто застапени теми.
- Економијата е во сенка на политичките настани. Економските теми најчесто одат во средината на вестите иако, некои теми како јавниот долг, се најавени уште во почетната шпица.
- МРТ1 објавува информации и прилози за граѓански активности и иницијативи, а бара и ставови и мислења на стручни лица од граѓанскиот сектор (на пример, Извештајот на Европската Комисија).

НВО ИНФОЦЕНТАР

Да го погледнете целиот извештај кликнете овде.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

НИЕ ОДЛУЧУВАМЕ! ГЛАСАЈ ПО СВОЕ! САМО ТИ ЗНАЕШ ЗА КОГО ЌЕ ГЛАСАШ!